**ГРАД СКОПЈЕ**

# К О Н К У Р С

## за избор на пет идејно-обликовни решенија за изработка на прототип на сувенири за Старата скопска чаршија како дел од иницијативата „Нови сувенири за Старата скопска чаршија"

*Скопје, јуни 2020*

**ГРАД СКОПЈЕ**

**Распишува**

**К О Н К У Р С**

**за избор на пет идејно-обликовни решенија за изработка на прототип на сувенири како дел од иницијативата „Нови сувенири за Старата скопска чаршија“**

## ДОГОВОРЕН ОРГАН

Договорен орган е **Град Скопје**, со седиште на Булевар „Илинден“ бр.82, 1000 Скопје, телефон за контакт (02) 3297 524, електронска пошта e-mail: elizabeta.stefkovska@skopje.gov.mk, лице за контакт: Елизабета Стефковска.

## КОНКУРСНИ УСЛОВИ

- Конкурсот е јавен и анонимен. Право на учество имаат сите физички и правни лица кои се заинтересирани и сметаат дека можат да ги исполнат конкурсните услови**.**

- Секој учесник на конкурсот е должен да достави конкурсен труд согласно конкурсните барања. Трудовите што нема да го исполнат овој услов нема да бидат разгледувани од Жири комисијата.

- Конкурсните материјали и целата коресподенција поврзана со конкурсот треба да биде на македонски јазик.

## КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА КОНКУРСОТ

### Состав на Жири комисијата

Оценувањето на трудовите ќе го врши Жири комисија во чиј состав ќе учествуваат претставници на распишувачот, односно Град Скопје, од Архитектонскиот факултет и Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, од МАТА - Македонска артисанска трговска асоцијација, како и истакнати членови во заедницата на креативните индустрии.

### Работа на Жири комисијата

- Жири комисијата ќе изврши оценување на конкурсните трудови.

- Жири комисијата ќе поднесе извештај за својата работа до Договорниот орган и учесниците на конкурсот, потпишан од сите нејзини членови, во кој е претставено оценувањето на трудовите.
- Резултатите од оценувањето ќе бидат објавени на официјалната веб-страница и на профилите на Град Скопје на социјалните мрежи.
- Авторите на наградените трудови, како и останатите учесници ќе бидат писмено известени за резултатите од работата на Жири комисијата.
- Доколку квалитетот на пристигнатите дела е задоволувачки, комисијата ќе донесе одлука за доделување на пет наградени трудови и со авторите ќе се потпише договор за дело, за пренос на авторските права.
- Доколку Комисијата одлучи дека пристигнатите предлози не ги задоволуваат критериумите од овој Конкурс, таа го задржува правото да избере помалку од пет труда или да не избере ниту едно решение и да го повтори Конкурсот.
- Членовите на Жири комисијатата немаат право на учество на конкурсот.
- Предлозите за сувенири што нема да бидат избрани можат да се повлечат во рок од 30 дена од денот на реализација на изложбата лично од просториите на Град Скопје или на адресата за враќање на ненаградениот труд наведена од страна на авторот/авторите.

**Критериуми за одлучување**

- Почитување на основните начела на иницијативата „Нови сувенири за Старата скопска чаршија“;
- Оригиналност на решението;
- Квалитет на предложениот дизајн и трајност на предложените материјали за изработка;
- Иновативност, креативност и високо ниво на впечатливост на обликовниот израз;
- Културолошка вредност на дизајнот;
- Едноставна изведливост и умножување;
- Одржлививост, економска и производствена поддржаност на решението;
- Продажен потенцијал на призводот произлезен од решението;
- Еколошка издржаност на решението.

## ПРЕДМЕТ НА КОНКУРСОТ

Изработка на идејно-обликовни решенија на сувенири за Старата скопска чаршија како дел од иницијативата „Нови сувенири за Старата скопска чаршија“

## ЦЕЛ И ЗАДАЧИ НА КОНКУРСОТ

Конкурсот се распишува како дел од иницијативата „Нови сувенири за Старата скопска чаршија“ и има за цел ја зголеми свесноста за значењето на оваа културно-историска целина во градот Скопје и да ги промовира нејзините вредности. Во тој контекс, понудените решенија треба да ги истакнат вредностите на културното наследство, старите занаети и да претставуваат одраз на традицијата и културните, историските, материјалните и духовните вредности на Старата скопска чаршија како заштитена културна целина од особено значење со богато културно-историско наследство.

Истовремено, целта е преку овој конкурс да се овозможи идентификација, промоција и вклучување на креативниот дизајнерски потенцијал со цел истиот да даде свој директен придонес во креирањето на модерни и во духот на времето сувенири;

Целта е и да се подобри понудата на сувенири за Град Скопје со иновативен пристап на креативните индустрии, односно да ја збогати туристичко-комерцијалната понуда на чаршијата како еден од најатрактивните градски простори.

## БАРАЊА КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ДИЗАЈНОТ

Конкурсното решение треба да е оригинално и направено ексклузивно само за пријавување на Конкурсот.

Предложените решенија треба да тежнеат кон едноставни и економични решенија чие што умножување би било едноставно, а манипулацијата и транспортирањето лесни во сите превозни средства кои би ги користел купувачот.

Ќе се поддржат решенијата кои за изработка ќе користат стабилни и еколошки прифатливи материјали (на пр: керамика, камен, теракота, дрво, текстил, стакло, метал, волна, итн).

Во конкурсното решение треба да биде доставен краток опис на предвидените работи и апроксимативна пресметка на чинење на изведбата на предложените идејни решенија.

## СОДРЖИНА НА КОНКУРСНИТЕ ТРУДОВИ

Конкурсниот труд треба да содржи:

- Текстуалниот опис треба да содржи најмногу 1500 зборови, со опис на концептот на предложеното решение, опис на идејата и инспирацијата, детален опис на главните елементи на решението, како и на големината, бојата и материјалите од кои ќе се произведува дизајнираниот производ, оправданоста и можноста за изведба, техниките и технологии на производство и умножување, претпоставена цена на производот, како и предлог за можен производител.
- Техничка скица за дизајнот (компјутерски или рачно изработена).
- По потреба скица за подобра визуелизација на предложениот дизајн (компјутерски или рачно изработена како прилог).
- По потреба за подетално претставување на идејата, можно е користење и на различни размери кои треба да бидат јасно обележани.
- Сите прилози треба да имаат опис/легенда.
- Најмалку еден примерок од сувенирот во оригинална големина и материјал, односно изработен прототип/мостра.

## КОНКУРСНИ УСЛОВИ

**Опрема на конкурсните трудови**

Графичките и текстуалните прилози треба да бидат интегрирани во единствена целина на прилози со димензии 50/70 см.

Конкурсниот труд не треба да се обележува со шифра.

При жирирањето на трудовите, сите трудови ќе добијат работна шифра

Во прилог на трудот се доставува и дигитален запис од сите прилози во pdf формат на ЦД или УСБ.

Сите прилози на конкурсниот труд (прототипот/мострата, графичките и текстуалните прилози) треба да бидат спакувани во заедничка непроѕирна обвивка на која ќе пишува:

**К О Н К У Р С за избор на идејно-обликовни решенија за изработка на прототип на сувенири за Старата скопска чаршија - „Нови сувенири за Старата скопска чаршија"**

Обвивката на трудот не смее да содржи други обележја што можат да ја компромитираат анонимноста на трудот.

**Во заедничката обвивка на конкурсниот труд треба да се приложат и:**

Список на содржина на трудот (каде што се наведуваат под реден број прилозите кои се содржани во трудот) и два запечатени пликови од кои едниот е со ознака **„автор“,** а другиот со ознака „**адреса за враќање на трудот“.**

Во пликот со ознака **„автор“** е името и адресата на авторот/авторите, како и процентуалниот однос на поделба на евентуалната наградата помеѓу авторите на трудот.

Во пликот со ознака „**адреса за враќање на трудот“** се наведува адресата за враќање на ненаградениот труд, телефон, електронска пошта и согласност за јавно објавување на името на авторот/авторите на трудот на изложбата што ќе биде организирана.

**Рок за предавање на конкурсните трудови**

Крајниот рок за предавање на трудовите е 20.7.2020 до 16 часот.

Конкурсните трудови можат да се доставаат непосредно или да се испратат по брза пошта.

Конкурсните трудови се предаваат непосредно во Архивата на Град Скопје или со брза пошта на адреса: Град Скопје, бул „Илинден“ бр.82, Скопје.

Трудовите кои ќе бидат предадени после овој термин или ќе носат поштенски жиг после овој термин нема да бидат разгледувани од Жири комисијата.

Учесниците на конкурсот имаат право да поставуваат прашања непосредно поврзани со конкурсот најдоцна до 26.6.2020 г.

Сите прашања се испраќаат во писмена форма по електорнски пат на e-mail адресата: elizabeta.stefkovska@skopje.gov.mk

Конкурсната комисија ќе ја заврши работата и ќе ги објави резултатите од конкурсот најдоцна во рок од петнаесет (15) дена од денот на предавањето на трудовите.

Резултатите ќе бидат објавени наофицијалната веб-страница и на профилите на Град Скопје на социјалните мрежи.

Од наградените и пристигнатите трудови ќе се организира заедничка изложба за презентација пред пошироката јавност. Изложбата на наградените и останатите трудови ќе биде поставена во просториите на SkULL - Живата градска лабораторија во Старата скопска чаршија. Терминот на одржување на изложбата ќе биде објавен на веб страницата, на социјалните мрежи и во медиумите.

**Завршни одредби**

- Со предавањето на конкурсниот труд (идејните решенија) секој учесник ги прифаќа пропозициите на конкурсот;

- Секој учесник поединец или група, може да учествува само со едно идејно решение;

- Оценувачката комисја нема да ги разгледува оние конкурсни трудови кои што ќе пристигнат по предвидениот рок или не се изработени според програмата и расписот на конкурсот;
- Членовите на Жири комисијатата немаат право на учество на конкурсот.
- Авторите на петте избрани трудови ќе склучат со Град Скопје договор за дело, за пренос на авторските права во бруто износ од **90.000 денари.**
- Со потпишувањето на договорот за авторско дело учесникот на конкурсот е согласен, проектот и сите прилози кои се составен дел на конкурсниот труд распишувачот на конкурсот да може да ги користи за презентација и промоција на иницијативата „Нови сувенири за Старата скопска чаршија“ и други активности на Скопската жива градска лабораторија и Град Скопје.
- Учесникот на конкурсот е согласен Град Скопје да ги користи откупените решенија „Нови сувенири за Старата скопска чаршија“ за спроведување јавна набавка за производители и умножувачи на наградените решенија за сувенири, Град Скопје се стекнува со право да располага со авторските права.
- Град Скопје располага со можноста, во консултација со авторот на наградено решение, да врши одредени промени кои го олеснуваат производството и умножувањето.
- Град Скопје располага со можноста, доколку авторот може да го произведува сувенирот чиј дизајн е откупен, да склучи договор за изработка на сувенирот.

ГРАД СКОПЈЕ

Градоначалник

-----------------------
Петре Шилегов